**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16, 122/21 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/25), член 29 и 30 став 1, а во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/2024 и 132/2025) и член 10 од Статутот на Јавна Општинска Установа – Библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

# ЈАВЕН КОНКУРС
## за избор на директор на Јавна Општинска Установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Градоначалникот на Општина Гевгелија распишува Јавен Конкурс за избор на директор на Јавна Општинска Установа Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија, со мандат од четири години. Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

1) да се државјани на Република Северна Македонија;

2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не им е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) имаат стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование утврдено со статутот на установата (општествено-хуманистички дејности);

4) имаат минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

5) да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (КЕТ) (Cambridge English) положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

Кандидатите задолжително трба да ги достават следните документи:

- пријава со кратка биографија;
- уверение за државјанство;
-доказ дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- диплома за завршено високо образование најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на високо образование од општествено-хуманитарни дејности;
- доказ дека имаат минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;

- доказ дека има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик или сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците кои ги предаваат предметите англиски јазик, француски јазик или германски јазик.

Кандидатите задолжително треба да достават Предлог-програма за работа и развој на библиотеката.

Плата (нето): 57.265 денари.

Работни часови неделно: 40, работно време: од 7,00 до 15,00 часот, работни денови: од понеделник до петок.

Рокот за доставување на потребната документација изнесува 15 дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот оглас (не сметајќи го денот на објавувањето).

Потребните документи (со ознака за јавен конкурс) да се достават по пошта до Управниот одбор на ЈОУ библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија, ул. „Васо Карајанов“ бр. 1, Гевгелија или во архивата на ЈОУ библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија, секој работен ден од 7.00 часот до 15.00 часот. Документите да се достават во оригинал или копија заверена на нотар.

Пристигнатите документи ќе ги разгледува трочлена комисија формирана од Управниот одбор на библиотеката. Комисијата е должна во рок од пет дена од завршување на конкурсот да ги разгледа доставените документи.

Комисијата доставува предлог на кандидати до градоначалникот.

Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлогот врши избор на директор.

Некомплетираните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Бр.04-749/1
12.05.2026 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**

с.р.

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Бр. 04-------/**
**----------.2026 год.**
**Гевгелија**

**До**
**Претседател на УО на ЈОУ Библиотека**
**„Гоце Делчев“-Гевгелија**
**Гевгелија**

**Предмет**: Известување

Почитувани,

Градоначалникот на општина Гевгелија распиша Јавен конкурс за избор на директор на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“-Гевгелија, кој на ------ 2026 година ќе биде објавен во дневните весници „Вечер“, „Слободен печат“ и „Коха“.

Во прилог ви доставуваме Јавен конкурс за избор на директор на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“-Гевгелија на ваше натамошно постапување.

Со почит,

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт
Раководител
Љубица Карајанова